Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Национална установа Кинотека на
Република Северна Македонија
Institucioni Nacional Kinoteka e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Бр.-Nr. 01-106/1
24.2 2021 год.-viti
Скопје-Shkup

АРХИВСКИ ПРИМЕРОК

Врз основа на член 21 став 1 точка 14 и согласно член 12 став 1 алинеа 2 од Статутот на НУ Кинотека на Р.С. Македонија бр.01-634/1 од 26.05.2015 г. Одлуката за измена и дополнување на Статутот, бр.02-462/5 од 04.05.2018 г и Одлуката за измена и дополнување на Статутот, бр.02-220/3 од 12.03.2019 г. Управниот одбор на седницата одржана на 24.02.2021 година го донесе следниот

# ПРАВИЛНИК

**за условите, начинот и намената на користење на службена платежна картичка и средствата за репрезентација**

**Член 1**

Со овој Правилник се уредува начинот, условите и намената за користење на средствата од службена платежна картичка, овластувањата за користење на средствата за репрезентација, одговорноста за наменско користење на средствата, видовите на репрезентација и постапката за користење на репрезентацијата во НУ Кинотека на Република Северна Македонија.

**Член 2**

Службена платежна картичка е дебитна картичка издадена на правно лице, што се користи за различни намени и тоа:

- Користење на средства за репрезентација;
- деловни (службени) патувања на правното лице;
- плаќање на службени трошоци без провизија;
- Плаќања/резервации за хотелски соби за службени патувања во странство;
- Интернет плаќања: Нарачка на стоки во странство кои ги нема или се многу поскапи од достапните дома (литература-книги, софтвери, филмски списанија што излегуваат во странство, кутии за пренос на хард дискови...)
- Плаќање на стоки и услуги во странство што се оправдани трошоци

**Член 3**

Со деловната платежна картичка директорот/вработениот, на кој правното лице ќе му издаде картичка, има постојан пристап до средствата уплатени на наменските средства на секоја од картичките.

**Член 4**

1. Правното лице самостојно управува, односно ги определува износите за трошење (парични средства на располагање на секоја поединечна Visa Business картичка издадена на вработените во правното лице).
2. Следењето и управувањето со сметките и реализираните трошења, се врши преку e-banking сервисот на банката во која Кинотеката има отворено сметка.

3. Службената картичка е со важност од 5 години, по што автоматски се обновува. Правното лице има право во секое време да побара затварање на една или повеќе Visa Business дебитни картички.

**Член 5**

1. Под средства за репрезентација во смисла на овој правилник се подразбираат трошоци за симболични подароци за посебни пригоди, како предмети (сувенири) и книги кои го отсликуваат културното и историско наследство на Република Северна Македонија, нотеси, календари, нотеси и друг репрезентативен материјал, за официјални гости кои не можат да изнесуваат повеќе од 100 евра по лице во денарска противвредност.
2. Средствата за репрезентација можат да се користат и за следните намени:
- за безалкохолни и алкохолни пијалоци, вода, кафе, напитоци од кафе, чај, апетисани и слично;
- за угостителски услуги кои се во непосредна врска со извршување на одредена службена работа (службен ручек, вечера, закуска или коктел послужување- кетеринг и слично);
- за останати намени кои имаат карактер на репрезентација (за изработка на покани, честитки, промотивни и слични материјали)

**Член 6**

1. Средствата за репрезентација може да се користат на начин и под услови утврдени со овој правилник, во согласност со актите, упатствата и процедурите со кои се уредува евиденцијата, контролата и плаќањето за оваа намена.
2. Корисниците на средствата должни се да постапуваат одговорно и економично при користење на средствата за репрезентација и да водат сметка истите да бидат во што е можно помал износ.

**Член 7**

1. Право на користење на средствата за репрезентација имаат:
- директорот на Кинотеката
- други лица кои писмено ќе ги овласти директорот
2. Висината на средствата за репрезентација за лицето кое писмено ќе го овласти директорот, со решение ја определува директорот.
3. Секој корисник на репрезентација одговорен е за економично и целисходно трошење на средствата за репрезентација.

**Член 8**

1. Средствата за репрезентација на Кинотеката на Македонија се планираат во рамките на основниот буџет и сопствена сметка.
2. Средствата за репрезентација ќе се реализираат преку фактура, **службена платежна картичка** на Кинотека на Македонија и готовинска исплата преку благајна.

**Член 9**

1. **Одделението за** административно, правни работи, човечки ресурси и **материјално финансиско работење** месечно ги следи износите по корисници на правото на репрезентација согласно овој правилник и решенијата за висината на репрезентацијата и согласно утврдените намени и лимити за користење на репрезентацијата.

2. На месечно ниво се следат трошоците за репрезентација за сите намени доколку има пречекорување на реализираните средства во однос на планираните писмено се известува директорот.
3. Со следење на трошоците за репрезентација се обезбедува наменско, рационално и економично однесување во трошењето на средства за овие намени.

**Член 10**

Средствата за репрезентација може да се користат во следниве случаи:
- при посета на странски гости;
- при посета на стручни домашни и странски гости ангажирани врз основа на проекти, договори и слично;
- при одржување на работни состаноци во и надвор од просториите на Кинотеката (конференции за печат, работни состаноци, работа на проекти и слично;
- одржување на работни состаноци на вработените и состаноци на колегиумот;
- организирање на обуки, семинари, курсеви и слично и
- други случаи за потребите на Кинотеката, за кои директорот ќе донесе решение

**Член 11**

1. Плаќањето на трошоците за користење на средствата за репрезентација се врши преку соодветна финансиска документација.
2. Направените трошоци за репрезентација овластените лица од страна на директорот должни се да ги оправдат со слип од **платежна картичка,** фискална сметка и сметкопотврда, како и да достават известување за реализираните трошоци за репрезентација со податоци за настанот-поводот, бројот на гостите.

**Член 12**

Контрола и одобрување на користењето на средствата за репрезентација врши директорот по основ на репрезентација со потпишување на документот за извршена услуга.

**Член 13**

1. Во случај на користење на средствата за репрезентација спротивно од одредбите и намената од овој правилник и лимитираните износи, овластеното лице кое ја направило нарачката или има пречекорени износи над определениот износ, должно е лично да ја надомести разликата од утврденото ограничување и вкупниот износ на сметката, освен ако со писмено одобрение не му биде признаен трошокот.
2. Одделението за финансиско и материјално работење води сметка дали трошењето на средствата е во рамките на обезбедените средства со Буџетот/сопствените средства и доколку се јават поголеми трошоци од планираните писмено го известува директорот.

**Член 14**

Корисникот на репрезентацијата од претходниот член на овој правилник може да користи платежна картичка на име на Кинотеката на Македонија како носител на истата.

**Член 15**

Корисникот на платежната картичка треба со свој рачен потпис да го потврдат извештајот што еднаш месечно Банката го доставува за потрошените средства од картицата.

**Член 16**

За реализираните трансакции од платежната картичка, како и за средствата за репрезентација, еднаш годишно (на првата седница во тековната година) се доставува Извештај, до Управниот одбор на Кинотеката на Македонија.

**Член 17**

По завршување на мандатот на корисникот (директорот) и картичките на вработените на кои им е издадена платежна картичка, се затвораат.

**Член 18**

За се што не е предвидено во овој правилник, важат одредбите од позитивните законски прописи во Република Северна Македонија.

**Член 19**

Изменувањето и дополнувањето на овој правилник се врши во писмена форма.

**Член 20**

Овој правилник влегува во сила со денот на неговото донесување.

Национална установа Кинотека на Македонија
Управен одбор
Претседател,
Томислав Османли